02-67/1
25.03.2020 год.

Врз основа на Уредбата со законска сила за примена на Законот за основно образование за време на вонредна состојба (Сл.Весник на РСМ бр. 76 од од 24.03.2020 год. и насоките за постапување од Министерството за образование и наука согласно Уредбата со законска сила со бр. 08-4147/1 од 25.03.2020 год. а врз основа на член 113 ос Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19 ) в.д.Директорот на ООУ„Симче Настовски“ Вратница на ден 25.03.2020 год. донесе

# О Д Л У К А

## за употреба на видот на средствата за електронска комуникација за организирање на наставата преку далечинско учење , односно учење од дома

### Член 1

Наставата во ООУ„Симче Настовски“Вратница за време на вонредната состојба се организира преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација кои обезбедуваат реализација на наставата без заедничко физичко присуство на учесниците во наставниот процес и кои овозможуваат взаемна двонасочна комуникација.

### Член 2

За електронска комуникација ќе се користат видеоконференциски платформи -Zoom , електронска пошта или други системи за електронска размена на податоци ( viber, mesinger).

Учениците кои немаат компјутери, паметни телефони и интернет, комуникацијата со наставниците ја вршат преку телефонски раговор се доддека не се створат услови.

### Член 3

- Едукативните алатки кои ќе се користат а се предложени/одобрени од Владате се Google Classroom , Google Drive, Microsoft Teams, Edmodo и Eduino. Како едукативна алатка ќе се користи и видеоконференциска платформа -Zoom.

Член 4

За периодот на организирање на наставата преку далечинско учење , односно учење од дома, наставникот може да изврши оценување на учениците , каде што со со примена на средствата за елекртонска комуникација може да се спроведат испрашувања, тестирања на учениците или да се користат други форми на утврдување на знаењето на учениците.

Член 5

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се применува додека трае вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија.

25.03.2020 год.
ООУ„Симче Настовски“Вратница

вд.Директор,
Бранка Марковиќ

Општинско основно училиште „Симче Настовски“ с. Вратница, Јегуновце, Република Македонија